Република Македонија
Државен завод за статистика

# ПРОГРАМА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2017 ГОДИНА

Јануари 2013

# СОДРЖИНА


ЗАКОНСКИ ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ..... 3

ЦЕЛ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ..... 3

1. ПЕТГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА 2013 - 2017 ..... 4

1.1 Вовед ..... 4
1.2 Содржина на програмата ..... 4
1.3 Овластени носители ..... 5
1.4 Мисија, визија и принципи на државната статистика ..... 5
1.4.1 ПРИБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ..... 5
1.5 Приоритетни задачи во периодот 2013 - 2017 ..... 6

2. ДЕМОГРАФИЈА И СОЦИЈАЛНИ СТАТИСТИКИ ..... 8

2.1 ХАРМОНИЗАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ СТАТИСТИКИ ..... 8
2.2 СОЦИЈАЛНИ СТАТИСТИКИ ПО ТЕМИ ..... 9
2.2.1 Население и витални статистики ..... 9
2.2.2 Пазар на труд ..... 10
2.2.3 Животен стандард ..... 11
2.2.4 Социјални услуги ..... 11

3. МАКРОЕКОНОМСКИ СТАТИСТИКИ ..... 12

3.1 Национални сметки ..... 12
3.1. 1 ХАРМОНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ СМЕТКИ ..... 13
3.1.2 НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ ПО ТЕМИ ..... 14
3.2 Цени ..... 16
3.2.1 Паритет на куповната моќ ..... 17
3.2.2 Цени на мало и трошоци на животот, како и трошоци на животот според Класификацијата COICOP ..... 17
3.2.3 Хармонизиран индекс на трошоците на животот ..... 17
3.3 Надворешна трговија ..... 18
3.3. 1 ХАРМОНИЗАЦИЈА ..... 18

4. ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ ..... 19

4.1 Хармонизација на деловните статистики ..... 20
4.2 Деловни статистики по теми ..... 20
4.2.1 Структурно-деловни статистики ..... 20
4.2.2 Краткорочни статистики ..... 21
4.3 Енергетски статистики ..... 22
4.4 Транспортни статистики ..... 23
4.5 Статистика на туризам и угостителство ..... 23
4.6 Статистички деловен регистар ..... 24
4.7 Земјоделски статистики, статистика на шумарство и риболов ..... 25

5. ПОВЕЌЕДОМЕНСКИ СТАТИСТИКИ ..... 27

5.1 Индикатори за одржлив развој ..... 27
5.2 Статистика на животната средина ..... 28
5.3 Информатичко општество ..... 29
5.4 Научно-истражувачка дејност, технологија и иновации ..... 30

6. ОСТАНАТИ НОСИТЕЛИ НА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО НАЦИОНАЛНИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ ..... 31

6.1 НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 31
6.1.1 МОНЕТАРНА И ФИНАНСИСКА СТАТИСТИКА, ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА И ЗА ДРУГИ ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ ..... 31
6.1.2 ЕКСТЕРНИ СТАТИСТИКИ ..... 35
6.2 Министерство за финансии ..... 37
6.3 Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија ..... 38
6.4 Министерство за внатрешни работи ..... 38
6.5 Управа за хидрометеоролошки работи ..... 40
6.6 Агенција за вработување ..... 41
6.7 Министерство за правда ..... 42
6.8 Институт за јавно здравје ..... 44
ПРОГРАМА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ..... 45

ПРИЛОГ 1 - ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ ..... 392

ПРИЛОГ 2 - ДЕФИНИЦИИ И ОБЈАСНУВАЊА ЗА ОДДЕЛНИ ПОИМИ ОД ПРОГРАМАТА ..... 394

## ЗАКОНСКИ ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

***Законски основ*** за донесување на Програмата за статистички истражувања е член 20 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07 и 51/11). Во согласност со наведениот член, Програмата ја донесува Владата на Република Македонија и таа се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Програмата е подзаконски акт со кој се определуваат статистичките истражувања кои се спроведуваат во одреден временски период и се определуваат овластените носители кои, покрај Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Македонија, вршат прибирање, обработка и дисеминација на статистички податоци применувајќи статистички стандарди, методи и техники. Во **Програмата за статистички истражувања** се наведени сите статистички истражувања од кои се продуцираат официјални статистички податоци.

## ЦЕЛ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за статистички истражувања 2013-2017 е четврта петгодишна програма што се донесува во Република Македонија по донесувањето на Законот за државната статистика.

Целта на Програмата е да го уреди системот за продуцирање и дисеминирање на квалитетни статистички информации за состојбата и движењето на економијата, човековите ресурси, демографијата, заштитата на животната средина и природата и другите области што ќе им послужат на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, јавните служби, јавноста и другите корисници како основа за:

- Донесување на квалитетни одлуки во сите сфери на економските, општествените и други дејности од страна на Владата на Република Македонија, надлежните министерства и другите државни органи;
- Донесување на квалитетни одлуки на менаџерите во приватниот сектор во планирањето на развојот на бизнисот;
- Донесување на квалитетни одлуки на менаџерите во јавниот сектор;
- Поддршка на научните истражувања како носечки сегмент на развојот ;
- Обезбедување на споредливи податоци за развојот на земјата, а поради потребата за споредба со другите земји во регионот, кандидатите за членки и членките на Европската унија, како основа за приближување на Република Македонија кон Европската унија;
- Приближување на статистичкиот систем на Република Македонија до ЕСС;
- Процена на странските инвеститори за можностите и исплатливоста на инвестициите во сферите на нивниот интерес во Република Македонија.

Програмата ќе обезбеди податоци и со регионално значење за:

- Планирање на регионалниот развој на земјата;

Податоци за согледување на можностите за користење на средства од структурните фондови на Европската унија.

# 1. ПЕТГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА 2013 - 2017

## 1.1 ВОВЕД

Програмата за статистички истражувања е документ во кој Државниот завод за статистика и другите носители на статистички истражувања ги конципираат истражувањата со кои се обезбедуваат најважните индикатори, односно податоци од областа што ја покриваат.Тие податоци во основа се продуцираат врз основа на основните критериуми на статистичките истражувања од кои се добиваат официјални податоци базирани на соодветен опфат, дефиниција на појавата и единиците , дефинирање на територијалното ниво на податоците. Притоа, особено е значајно нивото на заштита на податоците.

Во Програмата се содржани истражувања со кои се остваруваат најважните правци за хармонизација на статистиката во земјата со меѓународните стандарди со цел да се обезбедат меѓународно споредливи податоци, но и истражувања кои обезбедуваат повеќе индикатори за потребите на корисниците во земјата.

Основниот концепт на Програмата е дизајниран во согласност со принципите на Кодот на добра пракса на Евростат и на принципите на државната статистика, за користење на единствени стандарди за статистичките истражувања на сите учесници во Програмата и избегнување на прекумерно оптоварување на известајните единици.

## 1.2 СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Програмата се состои од наративен и табеларен дел. Статистичките истражувања кои ќе се спроведуваат во наредниот петгодишен период подетално се објаснети во наративниот дел каде што се дадени објаснувања за областите кои ги покриваат одделните статистички истражувања, за процесот на хармонизацијата на статистиките со европските и меѓународните статистички стандарди и објаснувања за насоките кон кои ќе се развиваат статистиките, со цел во наредниот петгодишен период да бидат опфатени сите современи текови во општеството.

Во табеларниот дел се дадени подетални објаснувања за статистичките истражувања кои ќе се спроведуваат во наредниот петгодишен период. Наведени се основните информации за самите статистички истражувања кои се однесуваат на единствениот број на истражувањето, неговиот назив, периодиката, кратката содржина, информација за известајните единици, за методот и начинот на прибирање на податоците, територијалното ниво и рокот на публикување, рокот за ревизија, како и меѓународните стандарди и регулативи на кои се засноваат истражувањата.

Во зависност од условите за реализација на плановите за унапредување на статистичките истражувања, оваа Програма може да се надополнува со информации за новите статистички истражувања или со измени во постоечките.

## 1.3 ОВЛАСТЕНИ НОСИТЕЛИ

Покрај ДЗС, други овластени носители кои ќе спроведуваат статистички истражувања во периодот 2013 - 2017 и се во рамките на државната статистика на Република Македонија се: Народна банка на Република Македонија, Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија, Агенција за вработување на Република Македонија, Институт за јавно здравје и Управа за хидрометеоролошки работи.

## 1.4 МИСИЈА, ВИЗИЈА И ПРИНЦИПИ НА ДРЖАВНАТА СТАТИСТИКА

Мисијата на државната статистика е да произведува и дисеминира официјални статистички податоци за македонската економија и општество, како основа за процесот на одлучување, базирани на релевантни информации. Објавените статистички информации мора да бидат квалитетни, навремени, непристрасни, достапни и едноставни за користење.

Визијата на државната статистика е да обезбедува квалитетни, навремени и меѓународно споредливи статистички податоци.

Државната статистика се заснова на 15-те принципи дадени во Кодексот за работа на европската статистика кои се однесуваат на сите овластени носители:

- Стручна независност
- Мандат за прибирање податоци
- Адекватност на ресурсите
- Посветеност на квалитет
- Статистичка доверливост
- Непристрасност и објективност
- Стручна методологија
- Соодветни статистички процедури
- Умерено оптоварување на давателите
- Ефективност на трошоците
- Релевантност
- Точност и веродостојност
- Навременост и во предвидени рокови (редовност)
- Кохерентност и споредливост
- Достапност и јасност

### 1.4.1 ПРИБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Со статистичките истражувања наведени во Програмата за статистички истражувања се прибираат голем број на информации потребни за продуцирање на статистички податоци. Во однос на принципот Статистичка доверливост од Кодексот за работа, во Програмата се посветува посебно внимание на личните податоци кои се прибираат од извештајните единици.

Методот на прибирање на личните податоци е административен, но се користи и метод на непосредно прибирање на податоци преку подготвени статистички обрасци од страна на Државниот завод за статистика.

Според Програмата за статистички истражувања, лични податоци се прибираат во областа на социјалните статистики и тоа во темите: население и витални статистики, пазар на трудот, животен стандард и социјални услуги.

Во делот „Кратка содржина" на секое статистичко истражување од посочените теми, се наведени категориите на лични податоци кои се прибираат. Истовремено е утврден и обемот на потребните податоци кои се прибираат, како и целта на прибирањето. Имено, обемот е во корелација со потребата од продуцирање на статистички податоци, како за потребите на домашните корисници, така и за реализација на меѓународните статистички обврски на нашата земја.

Во одредени статистички истражувања се прибираат и посебни категории на лични податоци и тоа, пред сè, податоци за етничката припадност на лицата. Потребата од прибирање на овие податоци произлегува од утврдените обврски во Уставот на Република Македонија, како и во поголем број на закони од аспект на правичната и рамномерната застапеност на припадниците на етничките заедници во Република Македонија.

Посебни категории на лични податоци се прибираат и во делот на статистичките истражувања од областа на правосудството. Притоа, во согласност со одредбите на Законот за државната статистика и Законот за заштита на личните податоци, се обезбедува посебните категории на лични податоци да се прибираат во форма со која нема да се идентификува лицето на кого се однесуваат.

Во статистичките истражувања се прибира и податок за единствениот матичен број на граѓанинот кој се користи во фазата на контрола на прибраните податоци, по што се врши одделување на единствениот матичен број од статистичките варијабли, што е во согласност со член 37 став 3 од Законот за државната статистика.

Во однос на користењето на личните податоци и единствениот матичен број на граѓаните во Регистарот на населението, се применуваат правилата утврдени во Методолошкото упатство за Регистарот на населението.

Во функција на заштита на личните податоци, Државниот завод за статистика има утврдено систем за технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Истовремено, податоците кои се прибираат преку статистичките истражувања се доверливи податоци, што значи дека тие единствено може да се користат за статистички цели и дека е забрането нивно користење за нестатистички цели, како и нивно незаконско разоткривање.

## 1.5 ПРИОРИТЕТНИ ЗАДАЧИ ВО ПЕРИОДОТ 2013 - 2017

Приоритетните задачи на Државниот завод за статистика и на другите овластени носители на статистички истражувања се содржани во стратешките документи на институциите за хармонизација на статистиките во согласност со меѓународните препораки и во согласност со обврските за обезбедување на

релевантни информации за поддршка на стратегиите за развој на земјата, односно за потребите на деловната заедница.

Еден од најзначајните приоритети е продуцираните официјални статистики подобро да одговараат на потребите на корисниците. Во наредниот петгодишен период, Државниот завод за статистика, во процесот на хармонизација на статистиките со европските и меѓународните статистички стандарди, ќе ги унапредува и рационализира постоечките и ќе воведува нови статистички истражувања.

Ќе се посвети особено внимание на обезбедувањето на квалитет во процесот на производство на статистиките, подобрување на методите на прибирање и пресметка на податоците, како и примена на новите методологии во националните сметки ЕСС 2010 и СНС 2008. Други значајни приоритети се да се намалуваат трошоците за производството на статистичките информации и оптовареноста на известувачките единици и тоа како резултат на примената на нови методи на прибирање на статистичките податоци од известувачките единици кои ќе обезбедат поточни и понавремени информации и преку поголемото искористување на административните податоци. Користењето на административните податоци, иако нивната примарна цел не е статистичка туку се прибираат заради регулирање на разни права и обврски како на правните, така и на физичките лица, има за цел, пред сѐ, да се намали оптовареноста на известувачките единици преку користење на веќе прибраните податоци, но и да се намалат трошоците за статистичките истражувања.

Треба да се напомене и тоа дека услов за реализација на оваа Програма е соодветна финансиска поддршка. Доколку во годишните буџети за статистички истражувања во периодот од 2013 до 2017 година не бидат предвидени потребните средства, постои ризик дел од Програмата да не биде реализиран со што би се успорил процесот на хармонизација со ЕСС, а истовремено би било доведено во прашање и обезбедувањето на релевантни информации за поддршка на стратегиите за развој на земјата, односно за потребите на деловната заедница.

## 2. ДЕМОГРАФИЈА И СОЦИЈАЛНИ СТАТИСТИКИ

Социјалните статистики ги следат социјалните и демографските движења во земјата и претставуваат статистички мерен систем кој го проучува човечкото однесување во социјалното опкружување. Европската статистика социјалното опкружување го следи и анализира преку статистики систематизирани во повеќе теми и тоа:

- Население
- Пазар на трудот
- Образование и доживотно учење
- Култура
- Здравје и безбедност
- Приходи и услови за живеење
- Социјална заштита
- Безбедност на храната
- Криминал и правосудство
- Дискриминација
- Полови статистики

Државниот завод за статистика во процесот на хармонизација на државната статистика со европските статистички стандарди е насочен кон обезбедување на статистички индикатори од наведените теми, преку статистички истражувања организирани во четири теми:

- Население (каде што се вклучени пописите на населението, виталните статистики, миграциите, статистиките на здравјето и безбедноста, како и половите статистики)
- Пазар на трудот
- Животен стандард (Приходи и услови за живеење)
- Социјални услуги (Образование и доживотно учење, Култура и јавно информирање, Социјална заштита, Криминал и правосудство)

Извештајни единици во доменот на социјалните статистики преку кои се следи социјалното опкружување се: домаќинствата; организациите и институциите чија дејност е поврзана со социјалните и демографските случувања во земјата; деловните единици (за истражувањата од областа на пазарот на трудот – платите, цената на трудот, слободните работни места), но се користат и административни податоци како што се податоците за миграции, виталните статистики, а во наредниот период ќе се користат административни податоци и во истражувањата од областа на пазарот на трудот (платите, цената на трудот).

### 2.1 ХАРМОНИЗАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ СТАТИСТИКИ

Системот на социјалните статистики е во постојан процес на хармонизирање со меѓународните и европските статистички стандарди. Во наредниот петгодишен период, Државниот завод за статистика, во насока на

развој на социјалните статистики, ќе ги следи националните потреби, но и визијата на европската статистика која потребата од статистички податоци ја дефинира според современите текови на социјалниот и економскиот живот и случувањата во животната средина. Во оваа Програма за статистички истражувања ДЗС оди во насока на обезбедување на статистички податоци и информации кои му се потребни на современото општество во кое денес живееме и општеството во кое ќе живееме во наредниот петгодишен период 2013 – 2017 година.

Областите на кои во идниот период ќе се посвети особено внимание се:

- социјалната кохезија,
- сиромаштијата,
- демографските предизвици (старите лица, миграциите),
- пазарот на трудот,
- образованието и обуката, вклучувајќи ја и мобилноста на младите лица заради образование,
- културата и физичките активности,
- квалитетот на животот, безбедноста, здравјето и попреченоста,
- потрошувачката,
- слободното движење и единствениот пазар.

Хармонизацијата на социјалните статистики се реализира и преку воведување на меѓународните класификации и нивно инкорпорирање како национални стандарди. Класификации кои се применуваат при прибирањето и обработката на податоците од областа на социјалните статистики се: Класификација за образовните нивоа (ISCED), Национална класификација на занимањата (НКЗ), Национална класификација на дејностите (НКД рев.2), Класификација на индивидуалната потрошувачка според намената (COICOP), Меѓународна статистичка класификација на болестите и на сродните здравствени проблеми - 10-та ревизија (МКБ 10).

## 2.2 СОЦИЈАЛНИ СТАТИСТИКИ ПО ТЕМИ

### 2.2.1 НАСЕЛЕНИЕ И ВИТАЛНИ СТАТИСТИКИ

Во областа на населението се продуцираат нумерички податоци и индикатори за населението кои служат за следење и анализа на демографските промени и причините што влијаат врз структурните промени на населението кои настануваат како резултат на природното движење (наталитетот и морталитетот) и механичкото движење на населението (миграциите). Во областа на здравствените статистики се продуцираат индикатори значајни за следење на општата здравствена состојба на населението во Република Македонија.

Родовите статистики ги следат демографските карактеристики на жените и на мажите и нивната застапеност во социјалниот и економскиот живот на земјата. Овие статистики продуцираат индикатори кои го следат процесот на обезбедување на еднакви можности и обезбедување на еднаков третман на

двата пола во сите области од животот. Податоците за родовите статистики се добиваат не само од истражувањата од областа на социјалните статистики туку се обединуваат податоците од сите статистички области каде варијаблите може да се следат од аспект на застапеноста на двата пола.

Статистиките од областа на населението во периодот 2013 – 2017 година ќе се развиваат во насока на подобро следење на одредени демографски аспекти како што е случајот со миграциите. Административните податоци ќе се надополнуваат и со податоци кои ќе се прибираат по пат на истражувања кои се базираат на домаќинствата како извештајни единици.

Во овој програмски период се предвидува да се спроведе и Пописот на населението како особено значајно и исцрпно статистичко истражување кое обезбедува детални демографски, социјални и економски информации за населението од важност, пред сѐ, за земјата во целина, но и за самиот статистички систем за кој претставуваат рамка за примерочните статистички истражувања.

### 2.2.2 ПАЗАР НА ТРУД

Статистиките кои го следат пазарот на трудот го обезбедуваат информацискиот систем кој ги следи движењата на пазарот на трудот преку стапките на вработеност, невработеност, активност, стапката на слободни работни места, цената на трудот, платите, структурата на заработувачката. Наведените индикатори претставуваат предуслов за систематско следење, анализа и оценка на пазарот на трудот, како и основа за насочување на социјалните и економските политики на земјата кон обезбедување услови за негово правилно функционирање.

Идниот петгодишен период ќе претставува особен предизвик за статистиките од областа на пазарот на трудот имајќи ја предвид комплексноста на областа, нејзиното значење за економскиот развој на земјата, за унапредувањето на животниот стандард и квалитетот на живеењето. Разните аспекти на вработеноста, невработеноста, активноста на населението, условите за работење и добивање работа, ќе се следат не само преку редовните и планирани нови истражувања, туку ќе се прават обиди и за нивно проширување преку воведување на дополнителни статистички истражувања, односно т.н. ад-хок модули. Преку ад-хок модулите ќе се овозможи следење на специфични аспекти од пазарот на трудот и областите кои се тесно поврзани со него, кои поради опширноста не може да се следат со редовните истражувања. Индикаторите кои ќе се добијат со овие дополнителни статистички истражувања ќе се следат на поголеми временски интервали, во зависност од природата на појавата и нејзината променливост, но најчесто периодиката е четиригодишна. Во наредниот период ќе се посвети особено внимание на добивањето на индикатори за детскиот и волонтерскиот труд, повредите при работа, местото на младите на пазарот на трудот, усогласеноста меѓу работата и семејниот живот, пазарот на трудот и мигрантите.

## 2.2.3 ЖИВОТЕН СТАНДАРД

Статистиките за животен стандард обезбедуваат податоци за потрошувачката на домаќинствата, приходите и условите за живот врз основа на кои се изведуваат аналитички податоци за сиромаштијата во Република Македонија. Тие претставуваат основа за пресметките на пондерите за индексот на трошоците на животот, за пресметките на БДП, а индексот на трошоците на живот е индикатор за стапката на инфлација. Од истражувањето за приходите и условите за живеење се продуцираат меѓународно споредливи податоци кои претставуваат богат извор на информации за пресметките на индикаторите за сиромаштијата, материјалната обесправеност и социјалната исклученост. Податоците за користењето на времето укажуваат на одредени социјални и економски состојби во земјата и претставуваат основа за дополнителни анализи за утврдување на причините за ваквите состојби и насочување на креаторите на политиките кон донесување на одлуки засновани на факти. Истражувањата од областа на животниот стандард ќе продолжат да се развиваат во насока на обезбедување податоци и информации кои ќе послужат како основа за насочување на општествената активност кон подобрување на условите за живеење и нивно прилагодување кон современиот тек на животот.

## 2.2.4 СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Социјалните услуги се следат преку бројни истражувања од кои се продуцираат податоци и индикатори за образованието, науката и иновациите, социјалната заштита, правосудните статистики, културата и јавното информирање. Статистиките од областа на образованието го следат не само редовното школување, туку сите процеси кои се одвиваат во општеството во насока на едуцирање не само на младата, туку и на возрасната популација. Образовните статистики се развиваат во насока на следење на процесот на т.н. доживотно учење, учење заради усовршување на веќе стекнатите знаења или учење заради прилагодување на своите знаења кон потребите на пазарот на трудот и потребите на технолошкиот развој. Научно-истражувачката и иновациската дејност, исто така, се области кои се следат во областа на социјалните услуги.

Од особено значење во наредниот период за овие статистики, пред сѐ, за статистиките на социјалната заштита, ќе биде компилацијата на податоците за Европскиот систем на интегрирани статистики за социјалната заштита или т.н. ЕССПРОС статистики. Компилацијата на овие статистики ќе се одвива во рамките на националниот статистички систем преку соработка со релевантните институции кои се одговорни за подготовката на квалитативните и квантитативните податоци подготвени според програмите (шемите) во согласност со регулативите на ЕУ за ЕССПРОС. Голем дел од институциите се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика и оттаму е значајна и неговата улога во нивната координација.

Правосудните статистики ќе се развиваат во насока на овозможување на добивање податоци поврзани со насилството и жртвите на насилството, како и

во насока на ревидирање и ажурирање на кривичниот законик и системот на казни (главни, споредни, алтернативни). Освен податоците за сторителите на кривични дела, правосудните статистики треба да се развиваат и во насока на добивање на податоци за жртвите на сторените кривични дела.

Останатите статистики од областа на социјалните услуги се развиваат во насока на следење на современите текови во општествениот и економскиот живот на земјата со цел да се продуцираат релевантни индикатори неопходни за постоечките и идните социјални и економски политики на земјата.

## 3. МАКРОЕКОНОМСКИ СТАТИСТИКИ

Макроекономскиот статистички систем е сет од споредливи и меѓусебно поврзани макроекономски статистики, базирани на меѓународно споредливи и договорени концепти, дефиниции, класификации и сметководствени правила. Тие обезбедуваат интегритет на сметководствените правила преку прибирање, составување и презентирање на макроекономските статистики на соодветен начин.

Во рамките на Државниот завод за статистика се обработуваат теми коишто се составен дел во сетот на макроекономските статистики, националните сметки, цените и надворешната трговија. Исто така, оваа област ги опфаќа финансиската, монетарната и статистиката на платниот биланс и продукцијата на овие статистики е конзистентна со системот на сметки.

### 3.1 НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ

Областа на националните сметки обезбедува податоци за структурата на економијата на земјата и податоци за макроанализа.

Областа на националните сметки обезбедува сет на конзистентни податоци базирани на податоците обработени во Државниот завод за статистика, административни податоци од годишните сметки на деловните субјекти, податоци од Управата за јавни приходи, од Народната банка на Република Македонија, од Министерството за финансии и од други институции.

Во Европскиот систем на статистика областа на националните сметки е систематизирана во неколку теми

- Национални сметки-агрегати
- Секторски нефинансиски сметки
- Табели на понуда и на употреба
- Регионален БДП

Посебно поглавје во оваа статистика се **Табелите за прекумерниот долг** (EDP) што претставува сложена и конзистентна статистика на финансиски податоци од буџетот на државата и други извори на податоци.

За пресметките во националните сметки посебно поглавје се и **Сметките во здравството** бидејќи обезбедуваат податоци за изворите и корисниците на средствата. Тие се рамка за исцрпно пресметување на потрошувачката во

здравството (сателитска сметка). Со овие сметки се пресметува потрошувачката според тоа кој ги финансира трошоците, трошоците по видови услуги и корисниците и основните средства според функцијата на давателите на услуги. Во овој програмски период ќе се подготват основните табели на тековите меѓу давателите и корисниците на услугите и финансирањето на здравствената потрошувачка, базирано на прирачникот на ОЕЦД како основна методологија. Оваа активност треба да се обезбеди во соработка помеѓу ДЗС, Фондот за здравство, Министерството за здравство и Заводот за јавно здравство.

Државниот завод за статистика, со цел да обезбеди хармонизација со статистичките податоци и да обезбеди споредливи податоци со другите земји, ги реализира наведените цели преку истражувања од следните области:

- Пресметка на додадената вредност и бруто-домашниот производ по тековни и по постојани цени, на годишно и на тримесечно ниво;
- Составување на нефинансиските сметки по институционални сектори и составување на интегрираните сметки;
- Составување на табелите на понуда и на употреба по тековни и по постојани цени и инпут и аутпут табелата;
- Регионална пресметка на БДП.

### 3.1. 1 ХАРМОНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ СМЕТКИ

Од посебно значење во процесот на продукција на податоците во националните сметки е инкорпорирањето на основните принципи на концептот на националните сметки базиран на Системот на европски сметки, ESA, и системот на сметки на Обединетите нации, SNA , како главни концептуални рамки со кои се обезбедени еднозначни дефиниции на категориите што ги сочинуваат агрегатите на националните сметки со кои се хармонизираат и расположливите сметководствени и податоците од другите извори.

Хармонизацијата на националните сметки се реализира и преку примена на основните базични класификации во статистичкиот систем и со воведување на класификации за потребите на националните сметки. Класификации кои се применуваат при прибирањето и обработката на податоците од оваа областа се: Национална класификација на занимања (НКЗ), Национална класификација на дејности (НКД рев.2), Класификација на производи по дејност (CPA), Класификација на индивидуалната потрошувачка според намената (COICOP).

Класификации што се користат во националните сметки се и: Класификацијата на институционалните единици (СКИС), Класификацијата на функциите на владата (COFOG), Класификацијата на непрофитните институции што им служат на домаќинствата (COPNI).

Во Системот на национални сметки се користат и други класификации од социјалните и од деловните статистики.

Напорите во областа на националните сметки во следниот петгодишен период ќе се насочат на неколку полиња и тоа:

- Подобрување на пресметките во националните сметки со примена на препорачаните методи на Евростат и на Обединетите нации;
- Подобрување на изворите на податоци и обезбедување на поголем обем на индикатори за економијата;
- Имплементирање на Класификацијата НКД Рев.2 за серијата на податоци за бруто -домашниот производ;
- Имплементирање на ESA 2010 и SNA 2008 со примена и измена на методите на пресметка;
- Подобрување на конзистентноста на податоците од различни извори со користење на повеќе административни извори;
- Подобрување на соработката со институциите со цел размена на податоците;
- Подобрување на навременоста во обезбедувањето на податоци за корисниците;
- Подобрување на дисеминациските продукти од областа на националните сметки;
- Координирање на ревизијата на податоците во согласност со добрите практики.

### 3.1.2 НАЦИОНАЛНИ СМЕТКИ ПО ТЕМИ

#### 3.1.2.1 Пресметка на додадената вредност и бруто-домашниот производ по тековни и по постојани цени на годишно и на тримесечно ниво

Пресметката на бруто-додадената вредност и агрегатите на БДП според расходните компоненти е една од најважните фази за подготвување на податоци за економијата на земјата и пресметката на секторските нефинансиски и финансиски сметки и интегрираната сметка на економијата, како и за сметката странство. Податоците за бруто-домашниот производ, исто така, служат за пресметка на други индикатори и за пресметка на регионалниот БДП.

Од особено значење во напорите за понатамошна хармонизација на пресметките на бруто-домашниот производ е обезбедување пособдветни и поквалитетни податоци,а особено индикатори за пресметките по постојани цени што битно влијае на релевантноста на стапките за раст, односно на примената на препорачаните методи за пресметки по постојани цени. ДЗС планира, исто така, во овој програмски период да напредува во подготвувањето на десезонирани тримесечни и годишни податоци, краткорочни пресметки на БДП - флеш пресметки и имплементација на методот PIM за пресметка на потрошувачката на фиксниот капитал.

Во овој петгодишен период имплементацијата на НКД Рев.2, ESA 2010 и SNA 2008 ќе резултира со нови пресметки во областа на националните сметки што ќе бара ревизија на податоците.

#### 3.1.2.2 Секторски нефинансиски сметки (сметки по институционални сектори)

Во центарот и највисок приоритет во петгодишниот период ќе биде подготвувањето на секторските нефинансиски сметки на годишна основа и тоа:

- производна сметка
- сметка за генерирање на доходот
- сметка за сопственичкиот доход
- сметка на примарната алокација на доходот
- сметка на секундарна дистрибуција на доходот
- сметка за редистрибуција на приходите во натура
- капитална сметка и сметка на ревалоризација
- сметка за странство

Компилацијата на овие сметки многу ќе ги подобри информациите за корисниците, особено за нето-задолжувањето и штедењето по сектори со што ќе се обезбедат податоци за донесување на добри и стратешки одлуки во земјата, а ДЗС значајно ќе го зголеми обемот на испратени податоци по сектори во согласност со програмата за трансмисија на Евростат.

Овие истражувања ќе придонесат во обезбедувањето на податоци, особено за научно-истражувачки цели.

Во зависност од расположливите ресурси, ДЗС ќе настојува да постигне напредок во подобрувањето на подготвувањето на сметката за секторот Држава.

Работата на овие сметки, како и работата на финансиската сметка, треба да обезбеди квалитетна основа за составување на табелите за прекумерниот долг на Република Македонија.

### 3.1.2.3 Составување на табелите на понуда и на употреба по тековни и по постојани цени и инпут-аутпут табели

Составувањето на табелите на понуда и на употреба на годишно ниво и составувањето на симетричната инпут-аутпут табела претставува посебен процес на пресметување на пониско ниво на понудата и на употребата на стоките и на услугите по економски активности. Тие се истовремено и рамка и средство за билансирање на БДП пресметан според производниот метод и според расходниот метод. Податоците од табелите на понуда и на употреба, односно на симетричната инпут-аутпут табела се извор на податоци за други анализи и модели за пресметка на состојбата на економијата што ги реализираат други институции.

Напорите во овој период треба да резултираат со подобрување на пресметките како резултат на подобрувањето на изворите на податоци и со составување на табелите по цени од претходната година со што ќе се овозможи целосно користење на системот на пресметки за пресметка на стапките на раст на БДП.

### 3.1.2.4 Регионални сметки - пресметка на регионален БДП

Регионалните економски сметки, како потсистем на националните сметки, имаат значајна улога во креирањето, имплементацијата и евалуацијата на регионалната политика и развој. Релевантните и конзистентни економски податоци како што се бруто-додадената вредност, бруто-домашниот производ и инвестициите во основни средства овозможуваат мерење и редуцирање на

регионалните диспаритети, односно утврдување на степенот на реализација на проектираните цели на регионалната развојна политика. Овие податоци се особено важни при донесувањето на одлуките за добивање на финансиски средства од структурните фондови на Европската унија, за поддршка на регионалниот развој.

Напорите во оваа област за програмскиот период ќе се насочат кон унапредување на методите на регионализација на БДП и инвестициите во основни средства, пресметката на стапката на раст на БДП по региони, како и обезбедување на податоци за вработените според нивниот економски статус (вработени и самовработени) по региони. Оваа активност подразбира користење на квалитетни податоци од останатите статистички истражувања, вклучувајќи и подобрување на квалитетот на истражувањето за додадена вредност на деловните субјекти од нефинансискиот сектор кое ќе обезбеди услови за подобра алокација на додадената вредност по региони и по дејности.

### 3.2 ЦЕНИ

Цените претставуваат паричен облик на вредностите на стоките и на услугите изразени во пари. Податоците за движењата на цените претставуваат многу значаен инструмент на економската политика и имаат големо значење во целокупниот развој на стопанството на државата. Движењата на цените се предмет на статистичко набљудување со цел да се обезбедат податоци неопходни за водењето на ваквите политики.

Со користење на репрезентативниот метод, статистиката на цените обезбедува податоци што реално го прикажуваат општото движење на цените на пазарот во определено време и простор.

Динамиката на цените се набљудува во стоковниот промет на пократки периоди од една година (месечно, тримесечно, полугодишно).

Промените на цените се изразуваат во релативни вредности, т.е. во индекси со кои се следи тенденцијата на таквите промени (пораст, опаѓање).

Статистиката на цените ја следи динамиката на:

- продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар,
- продажните цени на производителите на индустриски производи на странски пазари,
- цените во угостителството,
- цените на мало и на трошоците на животот, како и на трошоците на животот според Класификацијата COICOP
- цените во земјоделството,
- цените на земјоделските производи на зелените пазари, пазарите на големо и на добиточните пазари.

Во рамките на статистиката на цените, освен движењето на цените, се следи и движењето на вредноста, при што како предмет на проучување се јавуваат:

- откупот и реализацијата на земјоделските производи,
- трошоците во градежништвото.

### 3.2.1 ПАРИТЕТ НА КУПОВНАТА МОЌ

Ова истражување се спроведува во рамките на Европската програма за споредба во која се вклучени покрај земјите-членки и други земји од европскиот регион. Република Македонија во оваа Програма е вклучена од 1996 година. Во согласност со планот за истражување на Евростат, ДЗС спроведува истражувања на терен и доставува други податоци со кои се пресметува бруто-домашниот производ според расходниот метод што се изразува во стандарди на паритетот на куповната моќ. Пресметката овозможува споредба на економијата на Македонија со другите земји. Исто така, податоците од ова истражување се користат како индикатори за алокација на структурните фондови на Европа, а според европската регулатива 1445/2007.

Во програмскиот период се очекува примена на новиот прирачник подготвен од ОЕЦД и од Евростат и целосно спроведување на истражувањата од Програмата за споредба.

### 3.2.2 ЦЕНИ НА МАЛО И ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ, КАКО И ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ СПОРЕД КЛАСИФИКАЦИЈАТА COICOP

Индексите на цените на мало и индексите на трошоците на животот се пресметуваат врз основа на просечните месечни цени на мало, односно нивната динамика. Основа за пондерите на индексот на цените на мало е структурата на прометот на мало, додека на индексот на трошоците на животот е личната потрошувачка на домаќинствата. Податоците за цените на мало на артиклите и услугите претставуваат резултат на редовните снимања на цените со кои се следат цените на земјоделските и индустриските производи на мало, како и цените на услугите во 8 градови во државата. При изборот на производите за следење на цените се земени предвид само оние производи што имаат значајно учество во прометот на мало.

### 3.2.3 ХАРМОНИЗИРАН ИНДЕКС НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ

Хармонизираниот индекс на трошоците на животот (HICP) е хармонизиран податок за инфлацијата кој е дефиниран со членот 121 од Амстердамскиот договор (член 109 Ј од Договорот за Европската унија). Тој е дизајниран за меѓународна споредливост на инфлацијата на трошоците за живот. Фокусот е ставен на квалитетот и споредливоста помеѓу индексите на различните земји.

HICP се пресметува како верижен индекс овозможувајќи пондерите да се менуваат секоја година.

Се пресметува годишна стапка која ја прикажува промената на цените помеѓу тековниот месец и истиот месец од претходната година, дванаесетмесечна просечна стапка која го споредува просечниот хармонизиран

индекс на трошоците на животот во последните 12 месеци со просекот во претходните 12 месеци, како и месечна стапка која ги споредува ценовните нивоа помеѓу последните два месеца.

HICP е централен индикатор кој се користи да се определи ценовната стабилност која е важна информација во насочувањето на извештаите за монетарната политика за еврозоната на Европската централна банка.

## 3.3 НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Во ерата на глобализација, статистичките податоци и нивните дисеминациски производи се неопходни информации во нашиот секојдневен живот. Податоците за надворешно-трговската размена (НТР), како дел од статистичката популација, имаат важна улога и влијание во владината и невладината сфера. Тие се есенцијален инпут за статистиката на билансот на плаќање и бруто-националниот доход како релевантни клучни индикатори во креирањето на економската и трговската политика на земјата или како корисна информација за менаџирање на билатералните и мултилатералните трговски преговори меѓу земјите. Податоците за надворешно-трговската размена, исто така, ги користи и бизнис заедницата во сите сфери од економијата во процесот на креирање на бизнис стратегијата и анализата на пазарното опкружување.

Во спроведувањето на статистиката на надворешно-трговската размена, Државниот завод за статистика ги следи европските барања на ЕВРОСТАТ за трговијата на земјите од Унијата со останатите земји кои не се членки на Унијата (ЕКСТРАСТАТ) и Меѓународните стокови и трговски статистички концепти и дефиниции на статистичката служба на Обединети нации. Имајќи го предвид фактот дека основен извор на податоци за статистиката на надворешно-трговската размена во Република Македонија е царинската декларација (ЕЦД), националната царинска легислатива којашто се базира на Царинскиот код на Унијата, исто така, претставува правна основа за статистиката на надворешно-трговската размена.

### 3.3. 1 ХАРМОНИЗАЦИЈА

Со цел континуирано хармонизирање со релевантните регулативи на ЕУ и регулативите на ОН во петгодишниот период кој следи, приоритетни се следниве активности:

- Континуирано следење и евидентирање на промените во Законот за Царинската тарифа, т.е. Царинската тарифа за тековната година која е составен дел на овој Закон, се усогласува со преземените обврски кои произлегуваат од пристапувањето на РМ во Светската трговска организација и се менува во согласност со измените на Конвенцијата за хармонизиран систем на имиња и шифри и ознаки на стоките и измените на Комбинираната номенклатура на Европската унија.
- Подобрување на квалитетот на статистичките податоци низ спроведување на споредбена анализа со земјите-учеснички во надворешно-трговската размена.

- Хармонизирање со важечките барања и упатства на ОН и Прирачникот на ММФ за билансот на плаќање.
- Следење и усогласување со барањата на новиот софтвер на Царинската управа за електронско поднесување на царинските декларации за извозно/увозните царински постапки.
- Следење на надворешно-трговската размена според економските карактеристики на деловните субјекти-учеснички во надворешно-трговската размена, анализа на надворешно-трговската размена според видот на транспортот.
- Дефинирање на насоките и начинот на организирање на системот на евиденција на надворешно-трговската размена помеѓу земјите-членки на Европската унија (ИНТРАСТАТ).

## 4. ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

Деловните статистики имаат за цел да ги следат економските активности во Република Македонија и како резултат на тоа ни даваат информации за целокупните стопански движења (на месечно, тримесечно и годишно/повеќегодишно ниво). Статистичките информациите што се презентираат наоѓаат широк спектар на примена и претставуваат појдовна основа за различни економски анализи, не само кај националните институции, туку и кај деловните субјекти и индивидуалците. Зголемувањето на бројот на статистичките индикатори од областа на економијата и земјоделството се важен предуслов и за анализа на странските вложувања во државата. Се обезбедуваат и квалитативни податоци што се користат за донесување на краткорочни деловни одлуки од страна на деловните субјекти, за оценка на нивната тековна состојба и за планирање на нивните идни активности.

Статистичките податоци од областа на деловните статистики се обезбедуваат преку голем број на статистички истражувања и тоа во следниве области:

- Структурно-деловни статистики
- Краткорочни статистики
- Енергетски статистики
- Транспортни статистики
- Статистики на туризам и угостителство
- Земјоделски статистики, статистика на шумарство и риболов
-

Основа за статистичките истражувања од областа на деловните и земјоделските статистики е Статистичкиот деловен регистар (СДР).

Извештајни единици во доменот на деловните статистики се деловните субјекти и домаќинствата. Во наредниот период ќе се испита можноста за користење на повеќе податоци од административни извори за кои ќе се потврди дека се со добар квалитет и се употребливи за статистички цели. Во процесот на прибирање на податоците од извештајните единици се користи методот на целосен опфат и по пат на примерок.

## 4.1 ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ДЕЛОВНИТЕ СТАТИСТИКИ

Во процесот на произведување на деловните статистики се применуваат меѓународните и европските стандарди при што прибирањето, обработката и дисеминацијата на податоците кај различните деловни истражувања се во согласност со регулативите на ЕУ.

Основа за спроведување на деловните статистики се економските класификации, коишто се усогласени со европските класификации со што се обезбедува споредливост на податоците на национално и на меѓународно ниво: Националната класификација на дејностите (НКД Рев.2), Класификацијата на дејности по производи (КПД 2008), Националната номенклатура на индустриски производи, 2008 (ННИП), Листата на енергенти и видови на енергија, Царинската номенклатура, Транспортната класификација на стоки (НСТ/2008), Класификација на опасни стоки во патниот превоз (АДР), Класификацијата на земјите (ISO-3166), Номенклатурата на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив.

Системот на деловните статистики е во постојан процес на хармонизирање со меѓународните и европските статистички стандарди. Во наредниот петгодишен период, во насока на развој на деловните статистики, Државниот завод за статистика ќе ги следи националните потреби, но и развојот на европската статистика во која се вградуваат сите промени во економските текови во едно општество. Државниот завод за статистика ќе посвети особено внимание на производството на сѐ поголем број на индикатори за споредба и анализа на економските промени и случувањата, за заштита на животната средина, како и зголемено користење на административни извори на податоци.

Областите на кои ДЗС во идниот период ќе посвети особено внимание се:

- Зголемување на бројот на индикатори во краткорочните статистики;
- Воведување на нови статистички истражувања за следење на нови појави во економијата и земјоделството;
- Унапредување на квалитетот на индикаторите преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци;
- Намалување на товарот на извештајните единици преку воведување на современи методи на прибирање на податоците;
- Преземање на активности со цел обезбедување на податоци за пописите во железничкиот, патниот сообракај, трговијата и угостителството;
- Унапредување на земјоделската статистика како основа за донесување правилни одлуки за овој важен сектор во економијата.

## 4.2 ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ ПО ТЕМИ

### 4.2.1 СТРУКТУРНО-ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

Во областа на структурно-деловите статистики, за деловните субјекти од нефинансискиот сектор, приоритет претставува целосна усогласеност со Регулативата за структурно-деловни статистики на ЕУ. Во таа насока, предизвик

претставува продукцијата на варијаблите од анексите I до IV од Регулативата на ЕК бр.250/2009. Напорите се насочени кон обезбедување на податоци за капиталната сметка и разграничување на прометот спред дејност. Во однос на Анекс V Осигурување, VI Финансиски институции и VII Пензиски фондови, предвидени се активности за воспоставување на методологија, како и детерминирање на изворите на податоците, во соработка со Секторот за национални сметки.

Како интегрален дел на структурните деловни статистики, во петгодишниот период кој следи се предвидени активности од областа на статистиката на странските афилијации - ФАТС. Врз основа на прирачникот за ФАТС 2012 година, како и со примена на Регулативата на ЕК бр.716/2007 за структурата и дејностите на странските афилијации, ќе се воспостави методологија за пресметка на основните варијабли кои ја отсликуваат севкупната активност на странските афилијации Приоритет е воспоставувањето на т.н. INWARD статистика, односно дефинирање на целната популацијата и продукција на податоци за дејноста на странските афилијации - резиденти во домашната економија (INWARD FATS).

### 4.2.2 КРАТКОРОЧНИ СТАТИСТИКИ

Секторите кои се опфаќаат со краткорочните статистики се индустрија, градежништво, трговија и услуги (освен финансиските).

Секторот индустрија се следи преку обезбедување на индикатори за индустриското производство, вкупниот промет, прометот на домашен пазар, прометот на странските пазари, вработените во индустријата, цените на производители и тоа на домашен пазар и на странски пазари.

Секторот градежништво се следи преку обезбедување на индикатори за вкупното производство во градежништвото, производството на високоградба, производството на нискоградба, новите нарачки, новите нарачки за високоградба, новите нарачки за нискоградба, вработените, ефективните работни часови, трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување (вкупни трошоци, трошоци за материјали, трошоците за вработени), дозволи за градење по број на згради и дозволи за градење по метри квадратни корисна површина во стан.

Прометот, вработените и ефективните работни часови се индикаторите кои го прикажуваат движењето во секторот Трговија и промет и вработени во секторот Услуги (дел) .

Основен извор на податоци претставуваат деловните субјекти опфатени со Деловниот статистички регистар кој редовно се ажурира од административни и статистички извори.

Во процесот на хармонизација на краткорочните статистики, ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Унапредување на споредливоста на индикаторите на меѓународно ниво преку редовно имплементирање на промените во Регулативата за краткорочни статистики и промените во Класификацијата на дејности;

- Унапредување на квалитетот на индикаторите преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци;
- Намалување на товарот на извештајните единици преку воведување на современи методи на прибирање на податоците;
- Редовно доставување на податоци за главните индикатори за следење на економската состојба во Европската унија (PEEIs);
- Сезонско прилагодување на податоците;
- Воведување на нови индикатори за услугите.

## 4.3 ЕНЕРГЕТСКИ СТАТИСТИКИ

Во енергетските статистики се следат сите текови на енергентите во Република Македонија, производството и нивната трансформација во други енергенти, потрошувачката, увозот и извозот од државата. Прибраните податоци се анализираат, обработуваат и публикуваат на годишно ниво во форма на енергетски биланси, во природни единици и во една заедничка енергетска единица, т.е. GJ или toe.

Преку имплементацијата на барањата од регулативите во статистичките истражувања кои ги спроведува и изработката на енергетските биланси, Државниот завод за статистика е хармонизиран со тековните регулативи.

Отстапување во однос на барањата во Регулативата постојат единствено во однос на доставувањата на месечните податоци до Евростат, коишто ДЗС планира да ги исполни почнувајќи од 2013 година.

Во енергетските политики настануваат постојани промени од коишто произлегуваат и нови регулативи со кои се бараат дополнителни обработки на енергетските податоци, а тие промени ДЗС континуирано ги следи. Во согласност со горенаведеното, се врши обработка на податоци за промоција на обновливите извори (со која се дефинира начинот на пресметка на учеството на обновливата енергија во бруто-финалната потрошувачка на енергија) и цените на природниот гас и електричната енергија на крајните потрошувачи во индустријата.

Во однос на постоечките податоци кои редовно ги прибираме, а со цел подобрување на квалитетот на податоците, постои потреба за подобрување на квалитетот на податоците за потрошувачката на енергенти во домаќинствата бидејќи тој податок сега се добива претежно со процена, а во земјите-членки на ЕУ претежно по пат на анкета за потрошувачката на енергенти во домаќинствата.

Во процесот на хармонизација на енергетските статистики, ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Следење на појавата на нови извори на обновлива енергија, нивно вклучување во енергетските биланси со цел квалитетна изработка на индикаторот за учество на обновливите извори на енергија во бруто-финалната потрошувачка на енергија.
- Унапредување на квалитетот на индикаторите преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци.

- Унапредување на квалитетот на месечните податоци и редовно доставување до Евростат.
- Преземање на активности со цел подобрување на податоците за потрошувачката на енергија во домаќинствата.

## 4.4 ТРАНСПОРТНИ СТАТИСТИКИ

Во транспортните статистики се прибираат, обработуваат и публикуваат податоци за патничкиот и товарниот транспорт во патниот, железничкиот, градскиот и воздухопловниот превоз.

Сите податоци кои се прибираат за потребите на транспортните статистики се обезбедуваат преку редовни месечни и годишни статистички истражувања во кои се имплементирани барањата од европските регулативи за транспорт.

Во процесот на хармонизација на транспортните статистики, ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Унапредување на квалитетот на индикаторите за патнички транспорт преку истражување за патничка мобилност.
- Унапредување на квалитетот на годишните податоци и редовно доставување до Евростат.
- Преземање на активности со цел обезбедување на податоци за пописите за Е- патниот и Е- железничкиот сообраќај.

## 4.5 СТАТИСТИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Областа **туризам** во Република Македонија се следи со месечно статистичко истражување, како и со петгодишни анкети за патувањето на домашното население и со анкети за странските туристи во сместувачките објекти и за странските посетители на граничните премини. Со нив се обезбедуваат месечни и годишни податоци за туристи и ноќевања по видови и категории на сместувачки објекти, земја на припадност на туристите, видови места на престој, за капацитетите и слично. Исто така, се обезбедуваат и податоци за социоекономската структура на домашните и на странските туристи, начинот и целта на патувањето - престојот, како и податоци за големината и структурата на трошоците и други податоци поврзани со патувањето-престојот.

Со развојот на туризмот во Република Македонија се зголемува и потребата за сѐ поголем број на статистички податоци со висок квалитет од оваа економска област.

Областа **угостителство** се следи со тримесечно, годишно, тригодишно и петгодишо статистичко истражување. Со овие истражувања се обезбедуваат податоци за големината на прометот и за неговата структурата според видот на услугите и одделните производи, тримесечно и годишно, како и податоци за потрошувачката на суровини за приготвување храна во угостителството - инпутот, за техничката опременост и за вработените во угостителството според занимањето и образованието, а исто така, и податоци за големината на

сместувачките капацитети, за техничките и други карактеристики со кои се изразува нивото на комфор и содржината на туристичката понуда.

Во процесот на хармонизација на статистиката на туризмот и угостителството, ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Унапредување на квалитетот на индикаторите преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци.
- За воведување на сателитски сметки во туризмот ДЗС ќе преземе активности за испитување на моделот на пресметка на податоците и за потребата од нови статистички истражувања.

## 4.6 СТАТИСТИЧКИ ДЕЛОВЕН РЕГИСТАР

Статистичкиот деловен регистар (СДР) што го води ДЗС е сеопфатна база на податоци којашто содржи податоци за правни единици (деловни субјекти) и статистички единици. СДР претставува систем кој ги претвора податоците прибрани за административни цели, во податоци соодветни за статистичка употреба.

Статистичкиот деловен регистар е значаен сегмент во системот на статистичките истражувања, односно претставува еден од основните инструменти за поддршка на истражувањата во статистичкиот систем. Според тоа, една од главните употреби на СДР е да обезбеди заедничка примерочна рамка за подготвување на примерок за истражувањата кај кои извештајна единица се деловните субјекти. Употребата на СДР како заедничка рамка за примерок е основен предуслов за обезбедување на конзистентност на резултатите помеѓу разни истражувања на деловни субјекти што ги спроведува ДЗС.

Покрај оваа негова основна употреба како рамка за примерок, СДР, исто така, се користи и за идентификација и конструирање на статистички единици, како и извор на информации за статистички анализи на популацијата на деловни субјекти и нивната демографија, како за бројот на субјектите и нивните карактеристики, така и за промените на нивниот број од година во година. Затоа, една од основните цели на СДР е да се опфатат што е можно повеќе од националните економски активности и статистички единици, да овозможи намалување на оптоварувањето на деловните субјекти, да се подобри ефикасноста на националниот статистички систем.

Единиците кои се водат во Статистичкиот деловен регистар содржат:

- идентификациски карактеристики
- демографски карактеристики
- економски карактеристики

Податоците се ажурираат на месечно и на годишно ниво. Квалитетот на изворите за ажурирање (административни извори и статистички истражувања) директно влијае на квалитетот на податоците во СДР.

Во идниот период активностите ќе бидат насочени кон унапредување на Статистичкиот деловен регистар во кој би биле додадени сите релевантни

податоци за деловниот субјект и кој би бил хармонизиран со релевантните регулативи на ЕУ.

Статистичкиот деловен регистер е извор на податоци за воспоставување на сателитски регистри , како што е, на пример, Регистерот на групи на претпријатија со помош на кој се следат процесите на глобализација.

Државниот завод за статистика тековно ги следи сите активности во Евростат во врска со ревизиите на класификациите и нивната имплементација во националното законодавство.

## 4.7 ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТАТИСТИКИ, СТАТИСТИКА НА ШУМАРСТВО И РИБОЛОВ

Земјоделството е еден од најзначајните сектори во економијата на Република Македонија. Важноста на земјоделството произлегува не само од традиционалната улога за осигурување на прехранбените потреби на населението и економската вредност на земјоделските производи, туку и од улогата на земјоделството за руралниот развој, еколошката рамнотежа и одржувањето на традиционалните вредности. Оттука произлегува важноста на земјоделските статистики, како и од фактот што земјоделските статистики се едни од приоритетните статистики при пристапувањето на Република Македонија во Европската унија. Значењето на земјоделските статистики се гледа и од големиот број на регулативи во Евростат со кои се врши хармонизација и споредливост на статистиките во областа на земјоделството. Обезбедувањето на квалитетни, доверливи и меѓународно хармонизирани податоци е неопходно за потребите на аграрната политика и за планирањето и спроведувањето на политика на одржлив развој на регионално и на национално ниво.

Земјоделските статистики, статистиката на шумарството и риболовот обезбедуваат основни податоци кои се неопходни за планирање и следење на ефектите од политиките кои државата ги спроведува во овој сектор. Покрај тоа, основните податоци за земјоделството , шумарството и риболовот станаа многу важни за следење на ефектите кои ги предизвикуваат овие области врз животната средина.

Земјоделските статистики, статистиката на шумарството и риболовот опфаќаат различни подрачја: растително производство, добиточно производство, следење на структурата на земјоделските стопанства, агромонетарни статистики, шумарство, лов и риболов, механизација и работна сила, откуп на земјоделски производи, следење на цените на земјоделските производи. Врз основа на податоците од Пописот на земјоделството, 2007 година, Државниот завод за статистика воспостави Статистички регистар на земјоделски стопанства кој континуирано се ажурира и квалитативно се подобрува, и претставува основа за истражувањата од областа на земјоделските статистики кои се спроведуваат врз база на примерок.

Податоците за растителното производство на земјоделските претпријатија и земјоделските задруги се прибираат со редовни статистички истражувања со целосен опфат. Податоците во извештаите се базираат на книговодствена и друга евиденција. За индивидуалните земјоделски стопанства

податоците се прибираат по пат на процена која ја вршат проценители. Се обезбедуваат податоци за засеани и ожнеани површини, годишно производство и просечен принос, очекувано и остварено производство од рани и доцни посеви и овошје, податоци за производство на зеленчук и цвеќе во заштитен простор итн.

Податоците за бројот на добитокот, живината, пчелните семејства и добиточното производство се добиени со Годишниот извештај за сточарство од земјоделските претпријатија и земјоделските задруги, а за индивидуалните земјоделски стопанства со Анкетата за бројот на добитокот.

Структурата на земјоделските стопанства се согледува преку структурно истражување на земјоделските стопанства со целосен опфат (Попис на земјоделството) кое се спроведува на секои 10 години, и структурно истражување на база на примерок кое се спроведува на три години. Исто така, со ова истражување се прибираат податоци за сите категории на земјоделски површини и добиток, заштита на растенијата и наводнувана површина, работна сила, механизација и опрема, објекти на стопанството, дополнителни активности на стопанството итн.

Економските сметки во земјоделството служат како основа за следење, анализа, предвидување и донесување на политички мерки за унапредување на производниот процес и за создавање на примарниот доход од земјоделската економска дејност. Со ова истражување се добиваат податоци за вредноста на земјоделското производство, меѓуфазната потрошувачка и додадената вредност во земјоделството, податоци за работната сила и доходот од производните фактори во земјоделството.

Извори за цените на инпутот и на аутпутот се месечните извештаи кои се прибираат од деловните субјекти од областа на трговијата на големо, земјоделските претпријатија и задруги кои продаваат средства за тековна потрошувачка во земјоделството и производи од земјоделското производство надвор од Секторот.

Податоците за шумарство се прибираат со едно тримесечно и повеќе годишни извештаи врз основа на сметководствена и друга евиденција. За државните и приватните шуми извештаите се добиени од подружниците на Јавното претпријатие “Македонски шуми” и од националните паркови.

Податоците за отстрелан дивеч се прибираат од ловечките друштва, шумарските подружници на Јавното претпријатие “Македонски шуми” кои се занимаваат со ловство, националните паркови и органите на управата што имаат сопствени ловишта, а податоците се засновани на процена. Исто така, Државниот завод за статистика го следи производството и уловот на риба.

Преку откупот и продажбата на земјоделски производи се следи динамиката на откупот и продажбата по месеци. Се опфаќаат деловните субјекти од областа на земјоделството кои вршат откуп на производи и реализација на сопственото производство.

Во процесот на хармонизација на земјоделските статистики, статистиката на шумарството и риболовот ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Унапредување на споредливоста на индикаторите на меѓународно ниво преку редовно имплементирање на промените во регулативите и промените во Класификацијата на дејности и Номенклатурата на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив.
- Унапредување на квалитетот на индикаторите преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци.
- Воведување на современи методи на прибирање на податоци за растително производство.
- Спроведување на структурно истражување за земјоделските стопанства, подготовка на типологија на земјоделските стопанства како основа за изработка на селекционен план за прибирање на сметководствени податоци за земјоделството.
- Обезбедување на податоци за пресметка на биланси за растителното и добиточното производство.
- Воведување на статистика на органското производство.
- Воведување на нови индикатори во шумарството.
- Воведување на нови индикатори кои ќе ги следат промените во одделот Рибарство во Република Македонија.
- Пресметка и публикување на регионални сметки во земјоделството и пресметка на капиталната сметка од сетот за економски сметки во земјоделството.
- Воспоставување на процедури за ажурирање на Статистичкиот регистар на земјоделските стопанства со податоци од административни извори и подобрување на процедурите за ажурирање на Регистарот со податоци од статистички извори.

# 5. ПОВЕЌЕДОМЕНСКИ СТАТИСТИКИ

## 5.1 ИНДИКАТОРИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Индикаторите за одржлив развој се воспоставени со цел да се следи реализацијата на стратегијата за одржлив развој, како во глобални, така и во национални рамки. Државниот завод за статистика, врз основа на Стратегијата за одржлив развој на ЕУ и Националната стратегија за одржлив развој кои, истовремено, се во тесна врска со Милениумските развојни цели, воспостави сет на расположливи индикатори од повеќестран карактер кои ја одразуваат економската, социјалната, еколошката и, во извесна мера, институционалната димензија на одржливиот развој.

Во следниот период, напорите на ДЗС ќе бидат насочени кон збогатување на постоечкиот сет на индикатори и нивна регионализација, особено со оние кои ќе ги отсликуваат националните приоритети на одржливиот развој.

## 5.2 СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Статистиките на животната средина се многу важен извор на податоци за следење на националните програми за животна средина , за доставување на информации за животната средина на начин утврден во европското законодавство и во други прописи на Европската заедница, податоци за следење на индикаторите за одржлив развој и Лисабонската стратегија.

Статистиките на животната средина ги покриваат подрачјата на отпад, вода и трошоците во животната средина.

Еден од клучните индикатори релевантни за следење на состојбата на животната средина припаѓа на темата отпад. Основната рамка за управување со отпадот е воспоставена со Законот за управување со отпад („Сл. весник на РМ“ 68/04 и измените 71/04, 107/07, 102/08, 134/08), и Листата на видови отпад („Сл. весник на РМ“ 100/05), пропишани од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предмет на истражувањата преку кои се обезбедуваат податоци за овој индикатор е количеството на комунален отпад и количеството на отпад според секторите на економска активност.

Извештајни единици од кои се обезбедуваат податоци за **комуналниот отпад** (отпад од домаќинства и комерцијален отпад) се комуналните претпријатија (јавни и приватни) кои управуваат со отпадот на територијата на општините. Главни белези опфатени со прибирањето на податоците се количеството на собран и создаден отпад во текот на извештајната година, и начинот на постапување со отпадот.

Извештајни единици од кои се обезбедуваат податоци за **отпадот според секторите на економска активност** се деловните субјекти/единиците во состав кои според НКД Рев.2 се регистрирани во дејностите Преработувачка индустрија, Рударство и вадење на камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. Белезите кои се опфатени со прибирање на податоците се количество на создаден, складиран, примен, предаден и преработен отпад, како и количеството на опасен и неопасен отпад.

Водата е еден од клучните фактори за живот и како таква мора да се следат состојбите околу достапните количини за нејзино искористување, нејзиниот квалитет, како и нејзината заштита од загадување. Во ДЗС се прибираат податоци за снабдување , користење , испуштање и пречистување на отпадните води од индустријата и рударството , се прибираат податоци за заштита од поплави и уредување на реките, одводнување на земјиштето, како и податоци за количини на искористена вода за наводнување во земјоделството, наводнувана површина и остварени приноси од наводнуваните површини.

Исто така, од јавните претпријатија се прибираат податоци за јавниот водовод со сите белези (извор на водата, исцрпени количини, дистрибуција до одредени потрошувачи, загуби на вода, водоводна мрежа и постројки за подготовка на водата за употреба и нејзино пречистување после употребата. Во делот за прибирање на отпадните води преку јавните претпријатија се спроведува годишно истражување за јавна канализација со белези за

создадените количини по сектори, нивно пречистување и испуштање според реципиентот.

Во процесот на хармонизација на статистиката на животна средина, ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Унапредување на споредливоста на индикаторите на меѓународно ниво преку редовно имплементирање на промените во регулативите за животна средина.
- Унапредување на квалитетот на индикаторите за животна средина преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци.
- Намалување на товарот на извештајните единици преку користење на расположливи податоци од административни извори.
- Произведување на податоци за трошоците за животната средина како индикатор кој ќе ја следи состојбата на одвојување на средства и инвестиции за заштита на животната средина во Република Македонија.
- Воведување на нови индикатори за статистиката на отпад.
- Воведување и развивање на нови индикатори за агроживотната средина.
- Воведување на нови податоци за подготовка на индикатори за одржлив развој.

## 5.3 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

Развојот и навлегувањето на информатичко-комуникациските технологии во сите пори на општеството има големо влијание врз економските и социјалните промени во него. Глобалните комуникации, електронската трговија и интернетот му носат многу придобивки, уште поголем развој, економска експанзија и демократија на развиениот свет.

Мерењето на степенот на развојот на информатичкото општество со следење на одредени клучни показатели е процес на постојано ревидирање и унапредување. И во Република Македонија се наметна потребата за мерење и следење на некои показатели, како што се: опременоста со информатичко-комуникациски технологии (на пр., компјутер, пристап и тип на интернетска поврзаност), степенот, намената на нивното користење, информатичката писменост, бенефициите и пречките при користењето на ИКТ кај различни категории претпријатија, домаќинства, поединци и во јавниот сектор. Во Државниот завод за статистика редовно се следат промените кои настануваат со развојот на информатичко-комуникациските технологии преку статистичките истражувања за употребата на информатичко-комуникациски технологии во деловните субјекти и во домаќинствата.

Во процесот на хармонизација на статистиката за употребата на информатичко-комуникациски технологии, ДЗС ќе посвети особено внимание на следниве активности:

- Редовно следење на промените кои настануваат во информатичко-комуникациските технологии и на промените во регулативите за информатичко општество, со што се овозможува меѓународна споредливост на индикаторите од оваа област.

- Унапредување на квалитетот на индикаторите за информатичко-комуникациските технологии преку редовно подготвување на извештаи за квалитет и метаподатоци.
- Намалување на товарот на извештајните единици преку користење на расположливи податоци од административни извори од областа на телекомуникацискиот сообраќај (кои се обезбедуваа од операторите на фиксната телефонска мрежа, мобилната мрежа и провајдерите на интернет).

## 5.4 НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ, ТЕХНОЛОГИЈА И ИНОВАЦИИ

Науката, технологијата и иновациите, често се сметаат како важни двигатели на економскиот развој и раст, кои создаваат конкурентна и динамична економија базирана на знаење, способна за одржлив економски раст со отворање на повеќе и подобри работни места и овозможување на поголемо социјално вклучување на сите категории на население.

Статистиките од областа на научно-истражувачката дејност, технологијата и иновациите продуцираат податоци за потребите на креаторите на економските и социјалните политики, како и за научната заедница. Податоците кои се продуцираат се однесуваат на видот на истражувачката организација, научната област, научните работници, истражувачките трудови и проекти и нивните финансиски ефекти. Во областа на иновациите, податоците кои овие статистики ќе ги обезбедат ќе се однесуваат на иновациските производи и претпријатијата во кои се создаваат, иновациските процеси и активности, трошоците и ефектите од иновациските дејности.

Особено значајно за статистиките од областа на научно-истражувачката дејност е обезбедувањето на т.н. GBAORD податоци. Овие податоци се однесуваат на средствата, односно трошоците, кои се одвојуваат од државниот буџет наменети за истражување и развој, како и податоци за нивната структура.

# 6. ОСТАНАТИ НОСИТЕЛИ НА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ВО НАЦИОНАЛНИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ

## 6.1 НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 6.1.1 МОНЕТАРНА И ФИНАНСИСКА СТАТИСТИКА, ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА И ЗА ДРУГИ ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ

**ВОВЕД**

Истражувањата од областа на монетарната и финансиската статистика се однесуваат на три теми:

- Истражувања од областа на монетарната статистика;
- Истражувања од областа на финансиската статистика и
- Истражувања за потребите на монетарната политика и за други финансиски индикатори .

Истражувањата од монетарната статистика се однесуваат на прибирање, пресметување и објавување на податоци за состојбата на средствата и обврските на Финансискиот сектор, класифицирани по финансиски инструменти, институционални сектори и валути, на меѓународно стандардизиран начин. Оваа статистика вклучува изработка на биланси и консолидирани прегледи на одделните финансиски сектори и збирно за целиот Финансиски сектор.

Во оваа област се спроведуваат одделни истражувања и за пресметување на паричната маса и нејзините компоненти, депозитите на недржавниот сектор кај останатите депозитни институции и кредитите на недржавниот сектор дадени на останати депозитни институции, истражувања за каматните стапки на вкупно примените денарски и девизни депозити и одобрени кредити на банките, како и за каматни стапки на денарски и девизни новопримени депозити и новоодобрени кредити на банките.

Истражувањата од областа на финансиската статистика се однесуваат на изготвување на базична сметка на парични текови помеѓу секторите во економијата, а делот други истражувања ги опфаќа анкетите за инфлациски очекувања и кредитна активност, статистиката за платните системи и пресметката на индикаторите за финансиската стабилност на банкарскиот систем.

Народната банка на Република Македонија, со цел хармонизација со меѓународните статистички стандарди и продукција на меѓународно споредливи податоци, во следниот петгодишен период ќе ги реализира активностите за натамошно усогласување со прирачниците од областа на монетарната и финансиската статистика, како и со Европскиот систем на сметки.

**ХАРМОНИЗАЦИЈА СО ЕВРОПСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАТИСТИЧКИ СТАНДАРДИ**

Изготвувањето и прикажувањето на податоците од областа на монетарната и финансиската статистика, како и другите макроекономски статистики, се базира на имплементацијата и хармонизацијата со меѓународните препораки и стандарди, од кои позначајни се:

- Прирачникот за монетарна и финансиска статистика изготвен од страна на Меѓународниот монетарен фонд (Monetary and Financial Statistics Manual, IMF, 2000);
- Упатството за изготвување на монетарната и финансиската статистика изготвено од страна на Меѓународниот монетарен фонд (Monetary and Financial Statistics Compilation Guide, IMF, 2008);
- Системот на национални сметки изготвен од страна на ООН (System of National Accounts - SNA 93);
- Европскиот систем на сметки 1995, изготвен од страна на Евростат (European System of Accounts 1995);
- Регулативата ЕК број 25/2009 на Европската централна банка (ЕЦБ/2008/32), (Regulation (EC) No 25/2009 of the ECB (December 2008) concerning the balance sheet of the monetary financial institutions sector (ECB/2008/32);
- Регулативата ЕК број 63/2002 на Европската централна банка (ECB/2001/18), (Regulation (EC) No 63/2002 of the ECB of 20 December 2001 concerning statistics on interest rates applied by monetary financial institutions to deposits and loans vis-à-vis households and non-financial corporations (ECB/2001/18));
- Прирачникот за изворите и методите за составување на финансиски сметки според ESA 95, изданија 2002 и 2009 (Manual on sources and methods for the compilation of ESA95 Financial Accounts, 2002 and 2009);
- Анкетата на Европската централна банка за идните инфлациски очекувања;
- Анкетата на Европската централна банка за кредитната активност на банките;
- Публикацијата на ЕЦБ „Payments statistics“
- Водичот за индикаторите за финансиска стабилност (Compilation Guide on Financial Soundness Indicators, IMF).

**ИСТРАЖУВАЊА ОД ОБЛАСТА НА МОНЕТАРНАТА СТАТИСТИКА**

Националната законска регулатива, во која се дефинира содржината на податоците коишто се прибираат за потребите на монетарната статистика, е во согласност со Законот за НБРМ („Службен весник на РМ“ бр. 158/2010) и Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/07, 90/09 и 67/10).

Извештајни единици се институционалните единици од Финансискиот сектор (централната банка, останатите депозитни институции и останатите финансиски институции).

Извори на податоците за монетарната статистика се: податоците за сметководствената состојба на средствата и обврските на депозитните институции (КНБИФО), податоците за состојбата и прометот на средствата и обврските на останатите финансиски институции (Образец ОФИ-1) и извештајот

за пондерирани каматни стапки на банките за примени депозити и дадени кредити (Образец КС 1).

Податоците за монетарната статистика се објавуваат со утврдена периодика и рокови дадени во календарот на објавување на податоците (расположлив на интернет-страницата на НБРМ - http://www.nbrm.mk/?ItemID=6A1F334190BBF04FB028CA4EF30CDD7E).

Методологијата, исто така, е објавена на интернет-страницата на Народната банка.

Ревизијата на објавените податоци се врши во случај на добивање нови, коригирани информации и податоци од извештајните единици или методолошки измени во процедурата на изготвување на извештаите.

Во согласност со меѓународните препораки, ревидираните податоци се означуваат со фуснота со која се дава соодветно објаснување за извршените измени. Ревизија на податоците во историска временска серија се врши почнувајќи од моментот на појавување на настанот што довел до измена на податоците.

Доколку настане измена во прикажувањето на податоците (објавување нов показател - сектор, инструмент и друго), историската временска серија се ревидира почнувајќи од моментот на воведување на новиот показател, доколку за тоа постојат соодветни услови.

**ИСТРАЖУВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКАТА СТАТИСТИКА**

Законска основа за изготвување на базичната сметка на паричните текови помеѓу секторите во економијата претставува Законот за НБРМ („Службен весник на РМ“ бр. 158/2010).

Истражувањето за изготвување на базична сметка на парични текови помеѓу секторите во економијата, претставува модифицирана форма на матрица на паричните текови која презентира редуциран број на сектори и категории на финансиски средства. Секторите, избрани за ова ниво, се оние кои се најзначајни за финансиската анализа и за кои постојат расположливи податоци. Се пресметува нето-позајмувањето/нето-задолжувањето на агрегираните сектори и на вкупната економија и се прикажува финансирањето на недостигот, односно алоцирањето на вишокот на финансиски средства и обврски.

Извештајни единици се ДЗС, МФ и НБРМ, а како основни извори на податоците се: извештаите од монетарната и платно-билансната статистика од НБРМ, извештаите за буџетот на централната влада од Министерството за финансии и податоците за макроекономските агрегати од националните сметки од Државниот завод за статистика. За одделни тримесечни макроекономски агрегати коишто не се продуцираат од страна на надлежните институции, се прават сопствени оценки и пресметки во Дирекцијата за статистика при НБРМ.

Податоците за базична сметка на паричните текови помеѓу секторите во економијата ќе се објавуваат на тримесечна основа, во милиони денари, на интернет-страницата на НБРМ (http:// www.nbrm.mk), во согласност со календарот на објавување на податоците.

Ревизијата на објавените податоци ќе се врши во случај на добивање нови, коригирани информации и податоци, или при методолошки измени во процедурата на изготвување на матрицата.

Базичната сметка на паричните текови помеѓу секторите во економијата претставува почетно ниво во развојот на финансиската сметка која ќе се изготвува во НБРМ.

**ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА И ЗА ДРУГИ ФИНАНСИСКИ ИНДИКАТОРИ**

Анкетата за инфлациски очекувања обезбедува квалитативна и квантитативна информација за идната стапка на инфлација, како важен параметар во процесот на монетарно одлучување.

Со Анкетата се опфатени три групи испитаници (претпријатија, банки, економски аналитичари), а нивниот избор е направен со примена на статистички критериуми за репрезентативност на примерокот. Учесниците во Анкетата партиципираат на доброволна основа.

Податокот се објавува во Тримесечните извештаи на НБРМ, коишто се публикуваат во електронска форма на официјалната интернет-страница на НБРМ http://www.nbrm.mk.

Анкетата за кредитна активност обезбедува информации за некаматните услови за кредитирање (коишто вообичаено не се расположливи). Анкетата има за цел да даде процена на различните фактори што делуваат врз побарувачката на кредити, со цел подобро разбирање на идните економски текови.

Анкетата е на доброволна основа и во неа учествуваат сите банки.

Анализата на резултатите од Анкетата се објавува на интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија http://www.nbrm.mk.

За потребите на статистиката на платните системи се прибираат и обработуваат месечни податоци за бројот на сметките, употребата на платните инструменти и платежните картички и уредите врз основа на кои тие се користат. Преку овие извештаи се овозможува увид во една важна компонента на финансискиот систем на Република Македонија - платниот систем.

Извештајни единици се банките и правните лица коишто вршат активности во платниот промет во земјата.

Извештаите од статистиката на платните системи се објавуваат редовно, месечно, на интернет-страницата на НБРМ (http://www.nbrm.mk) во делот за платните системи.

Индикаторите за финансиската стабилност, како посебно истражување, се пресметуваат врз база на податоците од извештаите од банките за книговодствената состојба на средствата и обврските, билансот на успех, извештаите за банките генерирани од интерните апликации на Народната банка на Република Македонија.

Индикаторите за финансиската стабилност се објавуваат на интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија http://www.nbrm.mk.

### 6.1.2 ЕКСТЕРНИ СТАТИСТИКИ

**ВОВЕД**

Екстерните статистики претставуваат сублимат од повеќе одделни статистички истражувања за прибирање, обработка и дисеминација на податоци за економските трансакции со нерезиденти и тоа: платен биланс, странски директни инвестиции, меѓународна инвестициска позиција, официјални девизни резерви, бруто-надворешен долг и бруто-надворешни побарувања.

Народната банка на Република Македонија, со цел хармонизација со меѓународните статистички стандарди и продукција на меѓународно споредливи податоци, во следниот петгодишен период ќе ги реализира активностите за примена на новите прирачници од областа на платниот биланс и странските директни инвестиции, како и надворешниот долг.

**ХАРМОНИЗАЦИЈА СО ЕВРОПСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАТИСТИЧКИ СТАНДАРДИ**

Хармонизацијата на статистичките извештаи од екстерните статистики се реализира преку примената на меѓународните упатства и нивно инкорпорирање во националната статистика.

Меѓународните упатства кои се применуваат при прибирањето и обработката на податоците се:

- Прирачникот за платен биланс - Balance of Payments Manual (BPM 5), 1993, IMF;

- од 2014 година се планира да се имплементира Прирачникот за МИП и платен биланс (International Investment Position and Balance of Payments Manual (BPM 6));

- Прирачникот на ММФ за меѓународни резерви и девизна ликвидност (International Reserves and Foreign Currency Liquidity: Guidelines for a Template, IMF 2001);

- Прирачникот за статистика на надворешниот долг (External Debt Statistics: Guide for Compilers and Users, IMF, 2003);

-Насоки на ОЕЦД за дефинициите за странските директни инвестиции, 3-то издание, BD3 (OECD Benchmark Definition of Foreign Direct Investment 3rd edition BD3) (од 2014 година се планира да се имплементира (BD4);

- Меѓународна инвестициска позиција: Водич за извори на податоци, ММФ 2002; Тримесечна меѓународна инвестициска позиција: Техники за составување и извори на податоци, ММФ 2002 (International Investment position: A Guide to Data Sources 2002; Quarterly International Investment position: Data Sources and Compilation Techniques,2002 IMF).

Класификации кои се применуваат при прибирањето и обработката на податоците за овие истражувања се:

- НКД - Национална класификација на дејности - компатибилна со NACE Rev. 2;
- Национална класификација на сектори - компатибилна со ESA 95;
- Меѓународен стандард за класификација на земји и валути - ISO country and currency codes.

Националната законска регулатива, во која се дефинира содржината на податоците коишто се прибираат за потребите на екстерната статистика, е во согласност со Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010) и Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 51/2003, 81/2008, 24/2011 и 135/2011).

Извештајни единици се правни и физички лица коишто имаат економски трансакции со нерезиденти и кои во зависност од видот на трансакциите со нерезидентите известуваат за своите побарувања и обврски кон нерезиденти по основ на должнички инструменти, капитални вложувања во и од странство, побарувања и/или обврски кон нерезиденти по основ на останати финансиски инструменти и сл. Известувањето е непосредно (директно од извештајните единици) и посредно (преку други институции кои располагаат со информации за одреден вид на трансакции со нерезиденти).

Основни извори на податоци за потребите на екстерните статистики се: единствениот царински документ (ЕЦД) за надворешно-трговската размена на Република Македонија; системот за известување за платниот промет на банките со странство (ППС); системот за известување за надворешниот долг (НД) и надворешните побарувања (НП); тримесечниот прашалник за известување за договорен откуп на обврски и побарувања помеѓу резиденти и нерезиденти (ПОЗ); банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО); месечните извештаи за промените и состојбите на сметките во странство на резидентите кои не се овластени банки и состојбата и прометот на евидентните сметки (месечни извештаи-МИ); извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија; годишните прашалници за состојбата и прометот на капитално поврзаните субјекти; тримесечните извештаи за побарувања и обврски врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО), тримесечното известување за поседуваните хартии од вредност тргувани на странски пазари од резиденти овластени за учество на странски пазари на капитал; податоци од Централниот депозитар на хартии од вредност и од Македонската берза на хартии од вредност за утврдување на пазарната цена на хартиите од вредност.

Податоците за екстерните статистики се објавуваат со утврдена периодика и рокови дадени во календарот на објавување на податоците (расположлив на интернет-страницата на НБРМ - http://www.nbrm.mk/?ItemID=6A1F334190BBF04FB028CA4EF30CDD7E). Методологиите за екстерните статистики, исто така, се објавени на интернет-страницата на НБРМ.

Податоците се ревидираат на редовна годишна основа, во рок од т+270 дена по истекот на извештајната година.

Исто така, ревизија на објавените податоци може да се врши и во случаи на:

- добивање нови, коригирани информации и податоци од извештајните единици; или
- промени кај изворите на податоци или методологијата за составување на одделно статистичко истражување.

Во согласност со меѓународните препораки, ревидираните податоци се означуваат со фуснота со која се дава соодветно објаснување за извршените измени.

Индикаторот на реалниот ефективен девизен курс се објавува на интернет-страницата на НБРМ (http://www.nbrm.mk).

### 6.2 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Статистичкото истражување за остварување на приходите и извршување на расходите го спроведува Министерството за финансии со цел известување на Владата на РМ и меѓународните финансиски институции за состојбата на остварениот дефицит/суфицит на Буџетот на РМ. Податоците за приходите и расходите се прибираат од трезорскиот систем преку кој се процесира целокупниот платен промет на сите корисници и единки корисници на Буџетот на РМ. Рокот за објавување на податоците од истражувањето е најдоцна 30 дена по истекот на тековниот месец за претходниот месец.

На годишно ниво се спроведува и статистичко истражување за остварување на приходите и извршување на расходите на Општиот буџет на РМ (Буџет на РМ и буџетите на ЕЛС) и тоа се објавува најдоцна 180 дена по истекот на тековната година за претходната година.

Статистичкото истражување на долгот на централната влада (консолидиран) го спроведува Министерството за финансии со цел известување на Владата на РМ и меѓународните финансиски институции за состојбата на долгот на централната влада (консолидиран). Податоците за состојбата на долгот на централната влада (консолидиран) се обезбедуваат од НБРМ во делот за надворешниот долг и од базата на Министерството за финансии во делот за внатрешниот долг. Рокот за објавување на истражувањето е 30 дена по истекот на тековниот месец за претходниот месец.

#### ХАРМОНИЗАЦИЈА СО ЕВРОПСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАТИСТИЧКИ СТАНДАРДИ

Меѓународниот статистички стандард со кој се хармонизираат националните стандарди од оваа област е :

- GFS (Government finance statistics) 1986 Manual.

#### СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ДИСЕМИНАЦИЈА

Во оваа област се продуцираат нумерички податоци и индикатори за остварените приходи и расходи на Буџетот на РМ кои служат за следење и анализа на извршувањето на Буџетот на РМ, како и за состојбата на долгот на централната влада кои служат за следење и анализа на нивото на долгот на централната влада.

Податоците кои се продуцираат со овие статистички истражувања се објавуваат на веб-страницата на Министерството за финансии.

## 6.3 ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во периодот 2013-2017 година, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија ќе ги спроведува следните статистички истражувања:

1.Број на корисници на пензија по видови
2.Движење на корисниците на пензија
3.Корисници на пензија според висината на пензијата
4.Движење на бројот на обврзниците и осигурениците и
5.Број на вработени кои платиле придонеси

**Хармонизација со европските и меѓународните статистички стандарди**

ФПИОМ, во соработка со ДЗС, се прилагоди кон глобалниот пристап на користење на единствени стандардизирани класификации и номенклатури на статистичките податоци во Република Македонија, но и споредливост со статистичките податоци на останатите земји во светот преку хармонизирани класификации и номенклатури на меѓународно ниво.

ФПИОМ е во постојан процес на хармонизација со статистичкиот систем на земјата кој, пак, континуирано се хармонизира со меѓународните и европските стандарди преку примена на дефинициите, роковите за прибирање и дисеминација на податоците кои се дадени во европските регулативи, препораки и упатства.

**Статистички податоци и дисеминација**

Фондот продуцира нумерички податоци на ниво на Република Македонија за движењето на бројот на корисниците на пензија, движењето на висината на пензиите и движењето на осигуреници и обврзници.

Редовните статистики ги следи стручен соработник за статистика и статистички истражувања во Секторот за план и анализа при ФПИОМ.

Податоците и индикаторите кои се продуцираат со овие статистички истражувања и кои се дел од Националниот статистички систем, се објавуваат во годишниот извештај на ФПИОМ, на интернет-страницата на ФПИОМ и се доставуваат до Министерството за труд и социјална политика, до Државниот завод за статистика, за годишниот прашалник на UNICEF -TRANSMONEE и др.

## 6.4 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Статистичките истражувања што се спроведуваат во Министерството за внатрешни работи се однесуваат на безбедноста во сообраќајот, односно сообраќајните незгоди, бројот на патници на граничните премини, податоци за криминалот и податоци за миграцијата и азилот во делот на илегалната миграција, како и податоци за регистрирани патни моторни и приклучни возила.

**Хармонизација со европските и меѓународните статистички стандарди**

Министерството за внатрешни работи ги води статистичките истражувања во согласност со националниот Кривичен законик, како и останатите закони кои ја регулираат наведената проблематика во надлежност на Министерството, а, исто така, се постапува и во согласност со подзаконските акти на МВР за водење на статистички истражувања.

**Статистички податоци и дисеминација**

Во областа на безбедноста во сообраќајот се продуцираат нумерички податоци за сообраќајните незгоди според местото, патот и други околности, вид на сообраќајната незгода, учесници, причини и друго, а служат за следење и анализа на состојбите во областа на сообраќајот.

Дел од податоците кои се продуцираат со овие статистички истражувања се објавуваат на интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи и се доставуваат на годишно ниво до Државниот завод за статистика.

Статистичкото истражување за број на патници (македонски и странски државјани) на граничните премини опфаќа нумерички податоци за вкупниот број на патници на влез и на излез од Република Македонија, кои служат за следење и анализа на состојбите на протокот на патници на граничните премини.

Податоците кои се продуцираат со овие статистички истражувања се објавуваат на интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи и секој месец се доставуваат до Државниот завод за статистика.

Во областа на безбедноста во сообраќајот се продуцираат податоци и за бројот и видот на регистрираните возила, како и за првпат регистрирани возила, податоци за сопственоста на возилата, старост по вид на возилата, како и патни моторни возила според видот на гориво.

Дел од податоците кои се продуцираат со ова статистичко истражувања се доставуваат на годишно ниво до Државниот завод за статистика.

Статистичкото истражување на број на кривични дела и број на униформиран и цивилен состав на полицијата опфаќа нумерички податоци за вкупниот број на кривични дела според законската квалификација и вкупниот број на сторители, а посебно се следат кривичните дела со елементи на насилство (кривични дела против живот и телото, кривични дела против имотот и кривични дела против половата слобода и морал). Статистичките истражувања служат за следење и анализа на движењето и обемот на криминалот во државата.

Дел од податоците кои се продуцираат со овие статистички истражувања се објавуваат на интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи и се доставуваат на годишно ниво до Државниот завод за статистика, кој ги доставува податоците во Евростат.

Во областа на азилот и миграциите се продуцираат нумерички податоци за илегалните преминувања на државната граница и преземените мерки спрема странски државјани кои служат за следење и анализа на состојбите во врска со преминувањата на државната граница.

## 6.5 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

Управата за хидрометеоролошки работи е референтна установа за прибирање, обработка и анализа на хидролошки и метеоролошки податоци. Овие податоци се потребни за прогноза на времето, прогноза на водите, рана најава на непогоди, одбрана од поплави, димензионирање и изградба на хидротехнички објекти. Хидрометеоролошките податоци наоѓаат широка примена во хидрологијата, метеорологијата, агрометеорологијата, климатологијата и др.

Метеоролошките мерења и набљудувања, основната обработка на податоците и изработката на извештаи за метеоролошките елементи и параметри е примарна задача на метеоролошкиот набљудувачки систем.

Во рамките на истражувањата на агроклиматскиот потенцијал во Република Македонија, се вршат и проучувања на термичкиот режим на земјиштето преку мерења на температурата на почвата на различни длабочини.

Хидролошките мерења и набљудувања, прибирањето на податоците, нивната основна обработка, сместувањето на податоците во специјализирани бази, како и изработката на извештаи и аларми за релевантни институции и министерства, е основна работа на хидролошкиот мониторинг систем. Во рамките на Хидролошкиот сектор се изработуваат и студии и елаборати на тема хидрологија за разни заинтересирани страни.

Се вршат и истражувања за квалитетот на водите. Целта на прибирањето на податоци е да се обезбеди глобална слика за состојбата на квалитетот на водите, да се добијат податоци за степенот на загаденоста, трендот на загадувањето, а кои треба да помогнат во спроведувањето на планот и програмата за заштита на водите од загадување и изборот на намената на употреба на водата. Пробите се земаат секој месец во текот на целата година и потоа, добиените податоци се обработуваат.

**Хармонизација со европските и меѓународните статистички стандарди**

Хидролошките и метеоролошките мерења и набљудувања во рамките на мрежата на хидролошки и метеоролошки станици на Република Македонија, како и обработката на податоците, се вршат според стандардите и упатствата на Светската метеоролошка организација - СМО (World Meteorological Organization-WMO).

Методот на земањето на проби од површинските води во Република Македонија и анализата на параметрите се врши во согласност со Правилникот за постапките и начинот на набљудување и мерење на квалитативните карактеристики на воздухот, врнежите и почвата во метеоролошките станици („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/10), а обработката на добиените податоци во лабораторија и одредувањето на квалитетот на површинските води се врши според Директивата 2000/60/ЕК на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 23 октомври 2000 (Directive 2000/60/EC of the Europian parliament and of the Council of 23 October 2000), стандардите ЕПА и ISO.

**Статистички податоци и дисеминација**

Мерењата на метеоролошките елементи и појави како температурата и влажноста на воздухот, воздушниот притисок, врнежите, правецот и брзината на ветерот, температурата на почвата, атмосферските појави на главните метеоролошки станици, се врши континуирано во текот на 24 часа од страна на професионални метеоролози и ангажирани набљудувачи.

